a2225

Нова Македонија, 17551,



НАШИ СРЕДБИ

# Малкумина се првоизбрани

**● Со професорот на графичкиот отсек на ФЛУ во Скопје, Димче Николов, по освојувањето на најновото Гран при, овојпат на Третото графичко триенале во Гиор, Унгарија: – Учеството на меѓународните манифестации за мене е еден вид уметничка активност преку која ги дознавам најновите информации за тоа како размислуваат другите графичари**

На тековното Трето меѓународно графичко триенале во Гиор во Унгарија, професорот на графичкиот отсек на Факултетот за ликовни уметности во Скопје **Димче Николов (1953)** ја освои Големата награда (Гран при) што ја доделува Академијата за науки и уметности од Будимпешта. Оваа награда носи диплома, 500.000 форинти и право на самостојна изложба, која Николов планира да ја одржи во април во Будимпешта со прикажување на околу 25 графики. Наградата на Николов му е доделена за две графики што ги испрати на овој отворен конкурс, создадени во техниката акватинта-бакропис во 1994 година и со наслови: „Предел XXII" и „Предел XXIV". Последново во низата признанија што ги има добиено Николов за графичкото творештво е повод за разговоров.

**●Може ли за Вас да се каже дека сте најнаградуваниот графичар во Македонија?**

– Можам само да кажам дека кај мене се работи за една уметничка активност: многу ми се важни информациите што ги добивам со учеството на овие меѓународни изложби за тоа како размислуваат другите автори за графиката. Битно ми е да ги видам Јапонците и нивната техника, Полјаците и нивната, или резултатите од некоја манифестација која работи само со одредена графичка техника, на пример Градо кај Венеција која работи само со длабок печат. А, за информација е потребен каталог, а каталог не се добива ако не си примен да учествуваш на манифестацијата... За другото од прашањето – не знам. Јас си верувам себеси: имам 23 награди, од кои 16 меѓународни, од кои 4 Гран при.

**● Постои ли во шемата на светските графички манифестации, а со тоа и во наградите, хиерархија и каква е таа?**

– Постојат биенала кои работат само на покана, а постојат и кои работат на отворен конкурс. Со најдолга традиција е Љубљанското биенале, сега претстои 22-то негово издание-значи тоа се 45 години; потоа е Краков со 30-годишна традиција, па Сапоро, Јапонија. Покрај тоа што е релативно ново, тоа е солидно, и во изборот на излагачите и во организацијата и во наградите. Во Гиор бев поканет, но за жал, не знам многу за оваа манифестација. На неа учествувам за првпат и бидејќи скоро беше отворена, каталогот сè уште не ми е стигнат, само известувањето дека сум награден. Знам само дека постои осум години. Инаку, има и годишни меѓународни графички манифестации – изложби: во Канагава-Јапонија, во Ферол – Шпанија, на Куба и во Барцелона – Шпанија на мала графика, во Кабо Фрио во Бразил... Но, тука се и биеналата во Варна-Бугарија и Фрешен близу Келн во Германија, Кул де Сартс во Белгија и т. н. Новооснованите манифестации може да имаат повисоки парични награди, но наградите на познатите манифестации повеќе „тежат" поради традицијата и престижот; сепак, најдобри се оние награди кои во себе носат и можност за самостојна изложба на наградениот автор. Тоа е вистинско Гран при.

**● Каде сè сте наградуван и како Ви се случило, така на видум едноставно, да добивате покани и да учествувате од ред на сите овие манифетации?**

– Гран при имав во Краков, Фрешен, Сеул и сега во Гиор. Сум учествувал на 220 изложби, одржав 9 самостојни, од кои 2 во Скопје: во 1981 година во Музејот на современата уметност и летоска во галеријата „Стоби", по повод излегувањето на мапата што ја промовираат Владата на Република Македонија, односно Министерството за култура. Не му се случува на секој автор што учествувал на меѓународна манифестација-анале, биенале или триенале да биде задолжително повикан на друга. Со мене тоа се случи дури по првото учество на XIII Љубљанското биенале кога бев таму студент на постдипломски. Љубљанската манифестација е добро организирана, ги опфаќа сите техники, кани излагачи од цел свет и со тоа информациите за неа се шират насекаде и нив ги имаат сите што организираат изложба. Така, како млад графичар тоа биенале „ме исфрли" во светот и оттогаш практично почнав да добивам покани отсекаде: прво тоа беше од Јапонија, САД и Германија па годишно учествував на 3 до 4 изложби, потоа станаа 12 учества годишно, и морав секој месец некаде да испраќам графики... Освен каталогот што патува до секој приредувач на изложба, така и посетата на отворањето на една изложба е важна. Сите изложби што ги споменав, значи и Љубљанската, на отворањето ги посетуваат комесари, директори на галерии и на манифестации. На времето Љубљанската беше една здрава манифестација, во однос на европската графика и таа беше полна со Јапонци, Корeанци и Германци. Сега добива некој друг карактер-одат на покани и тоа со комесар од секоја земја. Тоа е нешто послабо одошто секој графичар да се пријавува сам, но признавам дека така е полесно, односно поефтино за организаторот. Графичкото биенале во Љубљана некогаш беше југословенска манифестација и според тоа имаше сојузен буџет, односно побогат буџет. Денес таа нема толку средства и на неа, вака организирана, нема можност за откривање нови имиња и нов квалитет, но колку што слушнав од тамошните колеги, овој експеримент со комесари нема долго да трае.



**Димче Николов**

**● Има ли во Македонија графичка манифестација која што заслужува поширoко внимание?**

– За среќа, Југословенското графичко триенале во Битола кое од минатата година прерасна во Меѓународно графичко триенале во Битола, има реални услови да стане една таква манифестација-уште во првата година учествуваа голем број солидни графичари, солидно беше организирана поставката и во организациониот одбор, во кој бев и јас, имаше луѓе со големо графичко и излагачко искуство. Но, ова Триенале ќе треба да добие свој човек-директор или генерален секретар, што ќе го води и доволно средства. Просторот во кој се организира е солиден-тоа е Музејот на градот, сместен во некогашната градска гимназија. Републиката за ваква манифестација со учесници од 56 земји, значи најзначајна уметничка манифестација кај нас, ќе треба да одвои средства и да не ѝ го одземе здивот. Дека-без Битола ќе останеме на знаењата и впечатоците за графиката од пред 20 години, тоа е сигурно! Лани, поради несигурната политичка ситуација на овие простори, авторите нерадо испраќаа свои дела, но сигурно е дека од година в година, триеналето во Битола ќе носи сè поголем број значајни имиња. Гран при имаше Богдан Борчич од Словенија кој ќе има самостојна изложба во 1997 година, кога ќе се одржува Осмото меѓународно триенале на графика во Битола. Потоа, од Седмото во Битола, во Музејот останаа депонирани голем број подарени графики од учесниците. Тоа е убав обичај и непишано правило меѓу графичарите во знак на благодарност за прва покана, на огранизаторот му се подарува графика за неговата колекција. Наскоро бројот ќе порасне, ќе се излагаат посебно и покрај МСУ од Скопје, ќе добиеме уште една подарена колекција со убав број графики за нас.

**● Како професор на Факултет и Вие учествувате во Формирањето на графичкиот кадар во Македонија. На кое рамниште се резултатите добиени во ателјеата на нашите графичари?**

– Има солидни студенти што излегоа од нашиот Факултет, од нив мнозина беа примени на трет степен на студии во други графички центри надвор од Македонија, а тоа се покажа како точно и на Седмото триенале во Битола, каде добар број наши кадри беа добро примени од селекционата комисија, па рамноправно се бореа за награди со графичарите со поголемо искуство. Инаку, се смета дека од една класа, која што брои околу 10 студенти, само еден – двајца можат да бидат првоизбрани, оние на кои наставниците ќе им дадат сугестија за учество на ваква минифестација. Поголемиот број остануваат прикратени: со простор за работа, со средства-како всушност и сите уметници во почетокот на кариерата.

**С. Ѓуровска**